**20242774772**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 5 став (3) од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.203/22, 76/24 и 272/24), министерот за финансии донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ПРОГРАМСКА КЛАСИФИКАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник поблиску се пропишува програмската класификација.

Член 2

Програмската класификација опфаќа поделба на буџетот на политики, програми, потпрограми и проекти или активности дефинирани со планските документи, истовремено групирајќи ги заедно сите јавни услуги и активности со заедничка цел и исход низ организационата структура.

Член 3

Програмската класификација се состои од следните компоненти:

1. Политика е област на дејствување и претставува група на програми со заеднички општи среднорочни или долгорочни цели;
2. Програма е потесна област во рамки на политиката, која ги следи заедничките специфични среднорочни цели. Една програма може да има една или повеќе потпрограми;
3. Потпрограма е подетално разработен дел од програма со краткорочни до среднорочни цели и се состои од проекти и /или активности;
4. Проект е збир на меѓусебно поврзани задачи со јасно дефинирани цели што треба да се извршат во одреден период и во рамки на планираните расходи и други одливи. Проект за јавна инвестиција е планирање, дефинирање, буџетирање, склучување договори, следење и завршување на инвестициите во јавна економска и општествена инфраструктура, кои во текот на инвестирање или оперативно користење се финансира или кофинансира од јавни приходи и други приливи, сопствени приходи на јавните субјекти, средства добиени од буџетот на Европска Унија или други развојни партнери, вклучувајќи и задолжувања или за кои ќе се бара издавање на гаранција во согласност со законот со кој се уредува јавниот долг, и
5. Активност е збир на меѓусебно поврзани задачи со јасно дефинирани цели и не може да се дефинира како проект.

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува 01 јануари 2026 година.

Бр. 08-13549/1
30 декември 2024 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Гордана Димитриеска-Кочоска,** с.р.